**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-4233/2**

# З А П И С Н И К

**Од 91-ва седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 30.07.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Анита Латифи.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Марјан Цветкоски-Директор на МРТ,Дарко Стефановски-Претседател на Надзорен одбор на МРТ Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикатот на МРТ и Ивана Стојановска–Одделение за јавни набавки.

Седницата започна во 12:45 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на Записникот од 90-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**2.**Разгледување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.

**3.**Разгледување и усвојување на Упатство за измена на Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.

**4.**Разно.

---

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 90-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 90-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 90-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 90-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.**
Воведен збор по оваа точка доби претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски кој пред присутните објасни дека Надзорниот одбор на МРТ ја разгледа Информацијата и Предлог текстот на Колективниот договор на ЈРП Македонска радиотелевизија и цени дека овој материјал треба Програмскиот совет да го разгледа и да се произнесе дали му е потребно мислење од Надзорниот одбор.
Генералниот став на Надзорниот одбор е дека документот како акт е стручно изготвен и дека содржи се што е потребно да содржи еден таков акт.
Снежана Клинчарова ние како состав на советот ова ни е втор пат да носиме Колективен договор со таа разлика што сега овој договор има два нови момента однсоно првиот средствата за зголемување на плати,а вториот средствата за награди на вработените и најмногу поради тоа потребно ни е мислење од Надзорниот одбор на МРТ по однос на финансиите кои треба да се обезбедат.
Ведат Мемедалија објасни дека цело време се чека на Надзорен одбор да обезбедат кворум ние како совет треба да го изгласаме документот бидејќи има во буџетот финансии за зголемување на платите вработените чекаат одлука од нас за да добијат поголеми плати.
Директорот на МРТ посочи дека се е во рамки на планираниот буџетот од друга страна долговите што ги има МРТ се намалени и како куќа сме ликвидни и за сето тоа на наредната седница на Надзорниот одбор ќе доставиме и документација.
Претседателката на советот предложи на оваа седница да се отвори материјална расправа по однос на содржината на Колективниот договор,а во текот на утрешниот ден на нова седница да се почека мислење од Надзорниот одбор по однос на финансиските импликации кој би ги предизвикал документот како таков и после седницата на Надзониот одбор да се состане советот да одлучува.
Ивана Трајковска се осврна на лекторирањето на текстот од документот, и забележа дека е срамота МРТ како јавен сервис да нема лектор редовно вработен во куќата, па да се добиваат вакви документи полни со србизми и турцизми а згора на се никој да не реагира на таквиот проблем.
Претседателката на советот имаше одредени забелешки по однос на текстот на договорот попрецизно за член 69 од истиот каде се напоменати раководините места од заеднички служби таксативно за секое место посебно со коефициенти дали би било подобро да стои само раководител на одделение или раководител на сектор генерички.Претседателката на Синдикатот на МРТ објасни дека тоа е така поради тоа што така се наведени во актот на систематизација па е преземено од таму.
Членот на советот Златко Јанковски истакн а дека сепак има дилеми по однос на зголемувањето на платата за вработените во МРТ,појаснувајќи дека доколку куќата има финансии истите да се искористат во други намени односно за предвремени исплати на долговите кои ги има МРТ, за набавка на нова техника или нова програма како би се подобрила целосната слика за МРТ пред граѓаните.
Членот Ведат Мемедалија истакна дека само зголемувањето на платата на вработените ќе го зголеме мотивот за работа на вработените а со тоа целокупното работење на куќата и токму поради тоа ние како совет треба да го изгласаме и потпишеме овој Колективен договор.

Директорот на МРТ објасни пред присутните дека во буџетот на МРТ има финансиски средства и за плати на вработените и за предвиденото згломеување во Колективниот договор и за нова програма и техника,како и за сервисирање на долговите кои се сведени на минимум.
По расправата Претседателката на советот предложи да се почека бараното Мислење од Надзорниот одбор на МРТ и во текот на утрешниот ден да се организира нова седница на која ќе се разгледа мислењето од Надзорниот одбор на МРТ и Колектвиниот договор.
Предлогот беше ставен на гласање:
Со 10 (десет) гласа ЗА и 1 (еден) глас ПРОТИВ констатирано беше дека предлогот е усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на Упатство за измена на Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Ивана Стојановска од одделението за јавни набавки во МРТ која детално го објасни Упатството за измена на Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки.Ивана пред присутните објасни зошто и од кои причини се прават ваквите измени односно дека поради измените во Законот за јавни набавки мора да се вградат истите и во ова упатство кое беше донесено од советот на предходните седници.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и од Надзорниот одбор на МРТ без забелешки.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Упатството за измена на Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.

■ **Упатство за измена на Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Упатството за измена на Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ е **едногласно усвоено** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА4:**Разно.**
По оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател